**Почитувана Министерке за финансии, Гордана Димитриеска Кочоска,**
**Почитувана Претседателке на КХВ, Бујаре Абази**
**Почитуван Гувернер на Народната банка, Трајко Славески**
**Почитувани гости и пријатели на Берзата од земјата и странство,**
**Почитувани дами и господа,**

**Добро утро на сите!**

Еве не повторно заедно во прекрасниот Охрид – на 24-та по ред традиционална годишна конференција на Македонската берза.

Пред нас се два интензивни и исполнети денови. Одзивот на конференцијата и оваа година е одличен – имаме околу 240 учесници, меѓу кои 36 говорници од 7 различни држави. На нашата конференција во континуитет се присутни бројни претставници на финансискиот и корпоративниот сектор, различни видови на инвеститори, државни институции и академската заедница. Берзата е конзистентна во нејзините настојувања редовно да иницира дебати во јавноста за актуелни теми и новини поврзани со различни аспекти од функционирањето на пазарот на капитал. Особено не радува, како и други години впрочем, присуството на Министерката за финансии, Претседателката на КХВ и Гувернерот на Народната банка – првите луѓе на клучните институции коишто директно или индиректно го обликуваат амбиентот и нормативната рамка на македонскиот пазар. Сето ова не мотивира да продолжиме со нашата работа во функција на развој и раст на Берзата и нејзините различни стејкхолдери.

Им благодарам на сите за присуството - и во име на Берзата и во мое лично име ви посакувам добредојде и успешен конференциски ден.

Овој настан календарски се одржува помеѓу нашите два родендени – 13 септември кога во 1995-та се основа Македонска берза и 28 март кога во 1996-та започна тргувањето. Значи, зависно од временската перспектива, зад нас во овој момент се три четвртини од берзанската 2025 година и речиси 30 години акумулирано берзанско искуство.

Јубилејната прослава ја планираме за в година, а за денешната конференциска агенда наместо со традиционален говор се одлучивме да одиме со мое интервју на бина малку подоцна... Тогаш ќе зборуваме подетално и за идните планови и за предизвиците и зошто нема успешни ИПО-а и што очекуваме од државата и што таа може повеќе да добие од пазарот и каква е меѓународната позиција на Македонска берза и ред други теми.

Оттука, во ова обраќање единствено би сакал да истакнам дека, и после ланската најдобра година во последната деценија, Македонска берза и во 2025-та тера доста добро. Вкупниот промет по сите основи досега е веќе околу 100 милиони евра (лани после три квартали бил 106,5). Цените на акциите продолжија да растат (додуша, поумерено со годишен пораст од 2,5%), со што порастот на МБИ10 во споредба со крајот на предпандемиската 2019 година изнесува големи

125%. Воедно, продолжуваме да бидеме берза со најдобри статистички перформанси во регионот на Западен Балкан 6 (тоа ни е непосредното окружување). Во периодот помеѓу две годишни конференции станавме единствена берза од земја која не е членка на ЕУ во новиот интеграциски проект на пазарите на капитал од една навистина поинаква и посериозна географија (заедно со берзите од Полска, Унгарија, Словачка, Романија, Словенија, Хрватска и Бугарија, а под покровителство на ЕБРД и со силна политичка подршка на Европската Комисија).

**Дами и господа,**

Се надеваме дека програмата што ви ја подготвивме за денес ќе ви биде и интересна и корисна. Дека ќе имате добар нетворкинг што ќе има завршница на берзата порано или подоцна. И дека ќе уживате во социјално-забавниот дел на настанот.

На крај, би сакал да истакнам дека оваа конференција нема да можеше да се организира без подршката на нашите спонзори и други помагатели на кои најискрено им се заблагодаруваме: КБ Прво Пензиско друштво (како сребрен спонзор) и НЛБ, Шпаркасе и Комерцијална банка, ЦДХВ, Casys International и Неотел (како останати спонзори). Медиумски покровители годинава се Телма Телевизија, Пари, Капитал и Банкарство, а поддржувачи на конференцијата Винаријата Тиквеш, Бучен Козјак, IUTE и Fledgeworks.

**Ви благодарам на вниманието!**